Број 111 Декември 2021

# S-WORK



# 17-ти декември – Меѓународен ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници

По повод одбележувањето на 17-ти декември, Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници, ние, сексуалните работници и нашите поддржувачи по 14-ти пат ќе се приклучиме кон глобалното одбележување на овој значаен ден со организирање на традиционалниот Марш на црвените чадори во центарот на Скопје.

Со овогодинешната кампања повторно ќе ставиме акцент на декриминализацијата на сексуалната работа, како најдобра правна рамка за унапредување на човековите и здравствените права на сексуалните работници, како и итноста од донесување нов закон за регулирање на сексуалната работа во Република Северна Македонија.

Иницијативата за декриминализација на сексуалната работа е започната од страна на Платформата за декриминализација на сексуалната работа, која ја сочинуваат три организации, а тоа се: СТАР – Прв колектив на сексуални работници на Балканот, ХОПС - Опции за здрав живот Скопје и Коалиција МАРГИНИ. Заеднички овие организации доставија предлог-иницијатива до надлежните органи за измени на Кривичниот законик (Член 191) и Законот за прекршоци против јавен ред и мир (Член 20). Меѓутоа, од Министерството за правда како надлежен орган за измени на Кривичниот закон не информираа дека постапката за декриминализација на сексуалната работа треба да започне од Законот за прекршоци против јавен ред и мир, кој е под надлежност на Министерство за внатрешни работи.

Сексуалните работници и нивните семејства егзистенцијално зависат од сексуалната работа која им е примарен извор на приходи. Со почетокот на кризата со КОВИД-19, сексуалните работници како маргинализирана зедница се најдоа во особено тешка ситуација, погодени од економски, социјален и здравствен аспект. Во услови кога сексуалната работа не е конкретно правно регулирана и признаена како дејност, сексуалните работници не се во можност да ги користат економските мерки од државата, што пак влијае врз нивната општа благосостојба.

Затоа, сакаме да ги потенцираме проблемите и потешкотиите со кои се соочуваме секојдневно како заедница и да ги прашаме надлежните институции: ДЕКРИМИНАЛИЗАЦИЈА КОГА?

Ние, сексуалните работници сакаме живот без стигма и насилство.

Ние, сексуалните работнции бараме безбедни услови за работа.

Ние, сексуалните работници нема да престанеме да маршираме се додека не се декриминализира сексуалната работа во Северна Македонија.

Овогодинешниот Марш на црвените чадори ќе го организираме согласно упатствата и мерките за заштита од КОВИД -19 вирусот.

Меѓународниот ден за СТОП на насилството врз сексуалните работници за првпат беше одбележан во 2003 година, како спомен и бдеење за жртвите на убиецот од Грин Ривер во Сиетл, Вашингтон. Оттогаш, со одбележување на овој ден им се овозможува на сексуалните работници ширум светот да се здружуваат и со заеднички сили да се борат против дискриминацијата и насилството






# 1-ВИ ДЕКЕМВРИ – СВЕТСКИОТ ДЕН НА СИДА

Секоја година, на 1-ви декември се одбележува Светскиот ден на СИДА. Се започнало во 1988 година, кога Светската здравствена организација за првпат ги истакнала напорите на светот за борба против ХИВ/СИДА. Овој ден покрај изразување поддршка за оние кои живеат со ХИВ, е исто така и ден кога се сеќаваме на оние кои ја изгубиле борбата со оваа болест.

Одбележувањето на Светскиот ден на СИДА има големо значење бидејќи ја потсетува јавноста дека борбата против ХИВ/СИДА не е завршена - сè уште е потребно да се работи на подигнување на свеста кај јавноста, да се работи на сузбивање на предрасудите и дискриминацијата и секако да се вложат напори во едукација на населението.

Оваа година, по повод одбележувањето на Светскиот ден на СИДА, УНАИДС ја нагласува итната потреба да се стави крај на нееднаквостите кои се предизвикани од СИДА-та и другите пандемии низ светот.

Без конкретни акции за борба против нееднаквостите не би можеле да ставиме крај на СИДА-та до 2030 година, како што цели светот, а истото важи и за моменталната пандемија со КОВИД-19.

И по четириесет години од првите пријавени случаи на СИДА, ХИВ сè уште му се заканува на светот. Денес, светот е сè уште далеку од исполнувањето на заедничката посветеност за ставање крај на СИДА-та до 2030 година, не поради недостаток на знаење или алатки за да се победи СИДА-та, туку поради структурните нееднаквости што ги попречуваат докажаните решенија за превенција и третман на ХИВ.

# Клучни пораки:

- На светот му се заканувaат повеќе пандемии. Како што влегуваме во третата година од пандемијата со КОВИД-19, така влегуваме и во петтата деценија од пандемијата со СИДА:

  - Светот не успеа итно да дејствува за да ставиме крај на СИДА-та и да се подготвиме за следната пандемија.

  - Активностите кои ни се потребни за да се стави крај на СИДА-та исто така ќе ни помогнат да ги запреме идните пандемии.

- Ситуацијата со КОВИД-19 станува полоша. Додека светот се мобилизира против КОВИД-19 и се подготвува против идните пандемии, ризикуваме да ги повториме истите грешки што не спречија да ставиме крај на СИДА-та.

- Она што ни е потребно за да ставиме крај на СИДА-та, исто така ќе ни помогне да го заштитиме светот од идни пандемии. Потребна ни е промена на парадигмата во глобалното здравствено финансирање и инвестирање во заедницата, трансформирачки пристапи кон родот и човековите права, правичен пристап до лекови кои спасуваат животи и здравствени технологии, системи за податоци кои можат да детектираат нееднаквости и пристапи до правда кои ги решаваат тие нееднаквости.

# DON'T OUTLAW SEX WORKERS' CONSENT

SIGN THE PLEDGE!




# НЕ ЈА ЗАБРАНУВАЈТЕ СЕКСУАЛНАТА РАБОТА!

## Придобивки од декриминализација на сексуалната работа

Сексуалната работа е форма на егзистенција и начин за заработување. Сексуалните работници спогодбено со клиентите го разменуваат сопственият сексуален труд или сексуална изведба за компензација со пари или други добра. Работниците во сексуалната индустрија се поединци со различен родов идентитет кои доброволно и самостојно одлучуваат да се занимаваат со сексуална работа од различни причини. Некои се одлучуваат да ја работата сексуалната работа бидејќи тоа им овозможува пофлексибилно работно време и им дава поголема контрола врз нивните работни услови од другите работни места. Некои ја избираат сексуална работа затоа што сметаат дека е финансиски исплатлива, а други пак ја избираат оваа работа како најприфатлива од малкуте опции кои им се достапни со цел да ги обезбедат основните потреби за живот за себе и за своите семејства.

Декриминализацијата и отстранувањето на сите закони кои го криминализираат секој аспект на сексуалната работа се препознаени како најдобра правна рамка за унапредување на правата на сексуалните работници од страна на глобалното движење на сексуалните работници. Декриминализацијата не значи отстранување на законите кои се насочени кон трговијата со луѓе, принудата и насилството врз сексуалните работници. Кога сексуалната работа е регулирана преку истите закони како и другите професии, работниците можат да работат како независни изведувачи или вработени, да се организираат колективно и да ги оспоруваат експлоатативните работни практики. Понатаму, во рамката за декриминализација, трети лица мора да ги почитуваат прописите за здравје и безбедност при работа. Декриминализацијата, исто така придонесува за овозможување пристап на

сексуалните работници до здравствени, правни и социјални услуги, пристап кој е инаку попречен со криминализацијата.

**Расте консензусот за декриминализација на сексуалната работа**

По неодамнешната изјава на Шпанската влада која сака да ги забрани сексуалните работници и да ја криминализира сексуалната работа, а со тоа да ја врати земјата во 1973 година, во периодот кога сексуалната работа била криминализирана, за време на владеењто на „најпрогресивната“ влада на Шпанија, голем број организации се здружија да ги докажат придобивките од декриминализацијата на сексуалната работа со цел да ја спречат Шпанската влада во обидот да ја криминализира истата. Меѓународни организации, експерти во областа на човековите права, борбата против трговијата со луѓе, правата на мигрантите, антирасизмот, сексуалното здравје и репродуктивните права, правата на ЛГБТИ заедницата, обединети во знаењето, врз основа на докази и истражувања, посочуваат на фактот дека криминализацијата на сексуалната работа не ги штити сексуалните работници,  а истото важи и за жртвите на трговија со луѓе.

Политиката на *Amnesty International* препорачува декриминализација на консензуалната сексуална работа, односно измени на оние закони кои забрануваат активности поврзани со сексуалната работа, како што се забрани за купување сексуални услуги, поттикнување и општа организација на сексуална работа. Препораките од нивната политика за регулирање на сексуалната работа се засновани на докази дека овие закони често ги прават сексуалните работници помалку безбедни, а од друга страна насилниците остануваат неказнети, што пак доведува сексуалните работници да се плашат да пријават насилство. Законите за сексуална работа треба да се фокусираат на заштита на луѓето од експлоатација и злоупотреба, а не да се забранува секаква форма на сексуална работа и да се казнуваат сексуалните работници“.

**Препораки до Шпанската влада**

Гласајте против измените на Членот 187 од предлог закон за целосна гаранција за сексуална слобода;

Елиминирајте ги сите членови од законот кои се поврзани со проституција, а кои даваат погрешна слика за сексуалната работа и ја негираат согласноста на сексуалните работници;

Воздржете се од воведување нови закони кои ја криминализираат консензуалната размена на сексуални услуги меѓу возрасни лица за одреден надомест.

**Овој текст е извадок од Брифинг извештајот „Не ја забранувајте сексуалната работа!“ на Европската алијанса за правата на сексуалните работници (ESWA) како одговор на предлог законот за криминализирање на сексуалната работа и повикот за укинување на „проституцијата“ во Шпанија*





# „ЈАС СУМ СРЕДОВЕЧНА ЖЕНА КОЈА РАЗМИСЛУВА ДА АНГАЖИРА МАШКИ ПРИДРУЖНИК“.

„Ако можам да ангажирам терапевт за масажа за да ми помогне да се ублажи болката во грбот или механичар да ми го сервисира автомобилот, логично би било да можам да најмам и маж да има секс со мене“.

Како скоро разведена средовечна жена, само што почнав повторно да излегувам. По 28 години брак, навистина не знаев како да го направам тоа. Бидејќи ми требаше помош да најдам партнер, се одлучив да одам на еден настан кој го оранизираа мајка и ќерка на кој држеа предавање и даваа совети и правила за тоа како да се состануваш со партнери во 21-виот век.

За време на предавањето се отвори дискусија во која секако се приклучив и јас:

„Жената не треба да се понуди да плати за пијалоците или да ја подели сметката на состанокот“, ни рече мајката. „Мажите не го сакаат тоа“.

На оваа изјава кренав рака:

„Јас би била среќна доколку ја поделиме сметката“, реков.

„Секоја жена што ќе се понуди да го плати својот дел е незаинтересирана за секс“, додаде таа.

„Го сакам сексот и би била среќна ако ја поделиме сметката“, одговорив.

„Подобро биди внимателна бидејќи може да завршиш со жиголо“, одговори таа.

За момент запрев, размислив за можноста и одговорив: „Па, можеби тоа всушност би било многу добра работа“.

Публиката се насмеа.

Поминаа месеци и не размислував многу за тоа предавање, ниту за идејата да ангажирам сексуален работник, сè додека не бев сексуално нападната на првиот состанок со маж кој го запознав на OkCupid.

Кога зборуваме за сексуална работа, она што прво ни паѓа на ум е жена која дава сексуални услуги на мажи за пари. Ретко размислуваме за тоа дека мажите исто така можат да ги нудат истите услуги на жените. Зошто да не? Затоа што нашата култура не дозволува жените - особено повозрасните жени - кои имаат свои сексуални потреби да ги задоволуваат истите, доколу не се во брак или во врска. Жената која бара секс под свои услови, а уште и плаќа за секс, сè уште е табу тема.

Но, што ако жената била во брак и имала деца, а сега сака само забава? Или можеби не сака брак и деца и само сака некој да ги задоволи нејзините сексуални потреби. Сметам дека секоја причина е во ред и доволна за жената да ангажира некого за секс. И можеби ангажирањето некого специјално за таа услуга е нешто што треба да се цени, не треба да се криминализира и треба да се признаат придобивките што ги дава на жените кои копнеат за физички допир, на кои им треба сексуално внимание и кои се подготвени да платат за искуството да бидат со маж кој би дошол експресно за да ги задоволи нејзините желби.

Неколку недели по мојот состанок со човекот кој ме нападна сексуално во неговиот апартман, а кој го запознав преку една онлајн веб-страница за запознавање, и за кој мислев дека е сосема безбеден по неколку часовното разгледување на неговиот профил, се навратив на предавањето на кое присуствував и почнав сериозно да размислувам за идејата да ангажирам машка придружба – сексуален работник - само за да имам секс. Чувствував дека ќе бидам побезбедна доколку ангажирам некого да ме задоволи отколку да барам сексуален партнер на некоја онлајн страница за запознавање.

По препорака на пријателка, се регистрирав на една веб-страница, на која имаше фотографии од атрактивни мажи заедно со кратки биографии. Бев во искушение и конечно се одлучив да се јавам во агенцијата. Сопственикот ми даде лозинка за да „отклучам“ повеќе опции на страницата. Прашав за начинот на плаќање. Прашав колку време е потребно „за да се запознаеме“ и прашав дали мажите редовно се тестираат за сексуално преносливи инфекции. Сопственикот на агенцијата строго ми рече: „Ние не се занимаваме со продажба на секс. Ако продаваме секс, тоа би се сметало за проституција и е нелегално“. Навистина не ми падна на ум дека барам услуга која е нелегална, а очигледна беше причината поради која се јавував, да закажам состанок со сексуален работник. Разговорот ме остави со милион прашалници. Дали би можела да бидам уапсена? Може ли да ја изгубам лиценцата за психологија? Што ако моите пациенти дознаат?

Сексот е комплициран. Вообичаено подразбира само желба, но може да заврши со чувства, љубов и посветеност. Сепак, сексот е исто така важен за физичкото здравје на човекот.

Сексуалната работа е исто така комплицирана. Сексуалната работа е главно нелегална во САД, со исклучок на некои држави како Невада кои дозволуваат работа на бордели. Бидејќи сексуалната работа главно не е законски регулирана, сексуалните работници се соочуваат со секакви ризици додека ја вршат својата работа. Физичката и менталната злоупотреба на жени, девојчиња и трансродови жени кои учествуваат во сексуалната работа е вообичаена и може да вклучи сè, како на пример малтретирање и злоупотреба од клиенти, макроа и трети страни.

Многу организации, активисти и поединци бараат легализација или декриминализација на сексуалната работа со цел да се помогне во заштитата на сексуалните работници. Во Њујорк, во моментов се разгледуваат два предлог-закони, а претходно оваа година канцеларијата на Окружниот обвинител на Менхатен објави дека повеќе нема да ги гони сексуалните работници. „Криминалното гонење сексуалните работници не не прави побезбедни и често го постигнува спротивниот резултат со дополнително маргинализирање на ранливите групи“, изјавил Окружниот обвинител Сајрус Р. Венс Џуниор.

Неговата изјава е само мал чекор во вистинската насока, но верувам дека треба да одиме многу подалеку. Исто така, сметам дека треба да се промени и објективното мислење за тоа дека само жени се вклучуваат во сексуалната работа, бидејќи постојат и мажи сексуални работници кои исто така ги нудат овие услуги. Едноставно треба да го смениме начинот на кој ја гледаме сексуалната индустрија, бидејќи сексуалните потреби на жените се исто толку важни како и сексуалните потреби на мажите. Доколку сексуалните работници се заштитени од кривично гонење и насилство, верувам дека би живееле во многу поздрав свет.

И сè уште не сум се одлучила дали сакам да преземам ризик и да ангажирам машки придружник додека сè уште е нелегално кај нас да се плаќа за секс. Моментално сум среќна со човекот кој неодамна го запознав на Интернет, кој е одличен и многу се забавуваме, но ако оваа врска заврши и повторно останам сама, би сакала да ја имам опцијата да ангажирам некој. Ако можам да ангажирам терапевт за масажа за да ми помогне да се ублажи болката во грбот, фризер да ми ја скрати косата, механичар да ми го сервисира автомобилот и мајстор кој ќе ја замени скршената врата, би требало легално да биде да можам да најмам маж да има секс со мене.

*Патриша Торнтон е психолог, мајка, танчерка и писателка. Таа живее и работи во Њујорк

Во издание на:

СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.